Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
МИНИСТЕРСТВО ЗА ОДБРАНА
MINISTRIA E MBROJTJES
Бр.-Nr. 04-3916/17
18-09-2020 20
Скопје Shkup

Врз основа на член 55 став (1) од Законот за организација и работа на органите на државната управа („Службен весник на Република Македонија" бр. 58/00, 44/02, 82/08, 167/10, 51/11 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.96/19 и 110/19), а во врска со член 23 став (4) од Законот за работните односи („Службен весник на Република Македонија" бр. 62/05, 106/08, 161/08, 114/09, 130/09, 149/09,50/10, 52/10, 124/10, 47/11, 11/12, 39/12, 13/13, 25/13, 170/13, 187/13, 113/14, 20/15, 33/15, 72/15, 129/15, 27/16, 120/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.110/19) и член 22 став (1) алинеја 6, став (5) и став (11) од Законот за вработените во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр. 27/14, 199/14, 27/16, 35/18 и 198/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр.14/20) министерката за одбрана донесе

# Р Е Ш Е Н И Е

## за избор на извршители на работни места за посебен советник во Кабинетот на министерката за одбрана на Република Северна Македонија

1. За извршител на работите на работно место:

   - посебен советник на министерот за политички прашања во Кабинетот на министерката за одбрана во Министерството за одбрана, се избира **Соња Крамарска;**

   - посебен советник за политички прашања во Кабинетот на министерката за одбрана во Министерството за одбрана, се избира **Владимир Анчев и**

   - посебен советник за прашања од областа на надворешната политка во Кабинетот на министерката за одбрана во Министерството за одбрана, се избира **Лидија Јанчовска Христова.**

2. Именуваните ќе се вработат на работните места од точка 1 на ова решение врз основа на договор за вработување на определено време на посебен советник во Кабинетот на министерката за одбрана.

3. Ова решение влегува во сила со денот на донесувањето и истото да биде објавено на веб страната на Министерството за одбрана.

Образложение

Комисијата за спроведување на Јавен оглас за вработување на еден посебен советник во Кабинетот на министерката за одбрана на Република Македонија, формирана со Решение бр. 04-3916/3 од 07.09.2020 година, во Записникот бр. 04-3916/13 и 04-3916/16 од 16.09.2020 година, констатира дека на Јавниот оглас за вработување на 3 (тројца) посебни советници во Кабинетот на министерката за одбрана, објавен на 09.09.2020 година во дневните весници „Слободен печат" и „Лајм", се пријавиле вкупно 13 кандидати, од кои само 3 (три) кандидати биле уредни.

Од уредните кандидати, со кои е одржано интервју, Комисијата по дискусијата во однос на впечатоците кои тие ги оставија во текот на спроведување на интервјуто, состави Записник бр. 04-3916/15 од 16.09.2020 година во кој од тројцата можни кандидати одлучи за вработување да ги предложи кандидатите Владимир Анчев, Лидија Јанчовска Христова и Соња Крамарска.

Од предложените кандидати, земајќи го во предвид степенот на формално образование на именуваните, како и нивното претходно работно искуство од областа на бараните компетенции и познавањето на странски јазици, се изврши избор и се одлучи како во диспозитивот на ова решение.

**ПРАВНА ПОУКА:** Против ова решение може да се поднесе жалба преку Министерството за одбрана до Државната комисија за одлучување во управна постапка и постапка од работен однос во втор степен во рок од 8 дена од денот на приемот на решението.

Изработил: Тони Костески
Контролирал: Ирена Станковска
Согласен: Афрдита Волина
Одобрил: Драган Николиќ

**МИНИСТЕРКА ЗА ОДБРАНА**
**Радмила Шекеринска- Јанковска**

Доставено до:

- Кабинет на министерката за одбрана (копија бр. 1);
- Комисијата за спроведување на огласот (копија бр. 2);
- Сектор за комуникации, аналитика и оперативна поддршка (копија бр.3);
- Сектор за човечки ресурси (копија бр. 4) и
- Архива (примерок бр. 1).